421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	24,970,531	17,119,054
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	1,957,000	1,455,727
424	Поправки и тековно одржување	32,998,000	27,425,340
425	Договорни услуги	21,181,313	9,128,864
426	Други тековни расходи	6,494,695	4,849,933
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***600,000***	***0***
463	Трансфери до невладини организации	600,000	0
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***168,480,000***	***63,365,730***
481	Градежни објекти	13,980,000	0
482	Други градежни објекти	149,200,000	62,554,063
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	3,300,000	719,650
485	Други нефинансиски средства	2,000,000	92,017

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- САРАЈ

БУЏЕТ НА ОПШТИНА САРАЈ

ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ **5,970,406**

	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**53,619,907**	**49,022,359**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***21,656,338***	***23,917,520***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	2,030,363	2,656,843
713	Даноци на имот	10,937,525	12,984,562
717	Даноци на специфични услуги;	8,688,450	8,276,115
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***7,426,463***	***7,624,268***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	0	7,905
722	Такси и надоместоци	0	85,402
724	Други Владини услуги	100,000	146,758
725	Други неданочни приходи	7,326,463	7,384,203
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***24,537,106***	***17,480,571***
741	Трансфери од други нивоа на власт	8,977,960	14,694,071
742	Донации од странство	15,559,146	2,786,500
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**53,619,907**	**43,051,953**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***8,269,648***	***8,684,307***
401	Основни плати и надоместоци	6,475,717	6,877,727
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	1,785,531	1,800,424
403	Останати придонеси од плати	8,400	6,156
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***434,497***	***511,254***
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	434,497	511,254
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***17,804,798***	***13,552,225***
420	Патни и дневни расходи	140,000	40,967
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	7,339,684	6,672,781
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	1,242,120	1,517,471
424	Поправки и тековно одржување	628,854	712,166
425	Договорни услуги	1,804,140	1,730,339
426	Други тековни расходи	6,650,000	2,878,501
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***350,000***	***3,390,409***
463	Трансфери до невладини организации	0	337,200
464	Разни трансфери	350,000	3,053,209
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***26,760,964***	***16,913,758***
481	Градежни објекти	25,989,364	0
482	Други градежни објекти	250,000	16,380,013
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	521,600	533,745

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

	ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**18,256,952**
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**56,656,360**	**69,132,094**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***37,662,615***	***41,936,209***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	2,938,067	3,124,013
713	Даноци на имот	15,837,102	16,161,711
717	Даноци на специфични услуги;	18,887,446	22,650,485
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***850,713***	***814,795***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	16,460	16,460
722	Такси и надоместоци	240,500	240,911
723	Административни такси и надоместоци	248,291	229,260
724	Други Владини услуги	180,462	170,614
725	Други неданочни приходи	165,000	157,550
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***18,143,032***	***26,381,090***
741	Трансфери од други нивоа на власт	17,380,432	25,618,490
742	Донации од странство	762,600	762,600
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**56,656,360**	**50,875,142**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***13,251,780***	***13,178,930***
401	Основни плати и надоместоци	10,850,371	10,793,687
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	2,386,399	2,370,431
403	Останати придонеси од плати	15,010	14,812
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***1,162,600***	***887,117***
411	Финансирање на нови програми и потпрограми	762,600	498,078
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	400,000	389,039
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***25,986,225***	***24,337,709***
420	Патни и дневни расходи	119,210	128,752
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	12,207,419	11,314,452
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	1,961,256	1,908,980
424	Поправки и тековно одржување	6,733,046	5,283,014
425	Договорни услуги	2,953,247	3,723,558
426	Други тековни расходи	2,012,047	1,978,953
45	***КАМАТИ***	***53,100***	***53,074***
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	53,100	53,074
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***3,042,355***	***2,700,722***
463	Трансфери до невладини организации	460,034	460,034
464	Разни трансфери	2,582,321	2,240,688
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***13,160,300***	***9,717,590***
481	Градежни објекти	1,642,000	1,490,000
482	Други градежни објекти	9,418,338	6,197,455
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	2,099,962	2,030,135

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ЧАИР

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЧАИР

	ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**21,471,576**
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**106,566,824**	**104,927,913**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***65,993,720***	***53,265,345***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	4,854,200	4,860,251
713	Даноци на имот	20,889,520	27,964,388
717	Даноци на специфични услуги;	40,250,000	20,440,706
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***1,600,000***	***1,628,085***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	0	18,864
722	Такси и надоместоци	0	139,110
723	Административни такси и надоместоци	1,000,000	1,000,216
724	Други Владини услуги	600,000	284,117
725	Други неданочни приходи	0	185,778
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***38,973,104***	***50,034,483***
741	Трансфери од други нивоа на власт	38,973,104	50,034,483
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**106,566,824**	**83,456,337**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***14,658,989***	***14,244,943***
401	Основни плати и надоместоци	11,497,060	11,114,923
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	3,143,000	3,111,866
403	Останати придонеси од плати	18,929	18,154
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***2,656,741***	***1,000,151***
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1,656,741	0
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1,000,000	1,000,151
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***54,953,992***	***37,795,674***
420	Патни и дневни расходи	237,000	217,552
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	18,460,543	16,090,821
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	4,300,000	2,966,166
424	Поправки и тековно одржување	21,148,686	10,840,817
425	Договорни услуги	7,882,763	5,520,245
426	Други тековни расходи	2,925,000	2,160,073
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***8,164,701***	***14,647,247***
463	Трансфери до невладини организации	820,000	210,965
464	Разни трансфери	7,344,701	14,436,282
47	***СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ***	***100,000***	***0***
471	Социјални надоместоци	100,000	0
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***26,032,401***	***15,768,322***
481	Градежни објекти	657,750	500,000
482	Други градежни објекти	22,500,000	13,248,022
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	230,000	210,380
485	Други нефинансиски средства	1,800,000	1,780,170
486	Финансиски средства	844,651	29,750

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ЧУЧЕР САНДЕВО

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

	ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**1,204,831**
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**18,385,895**	**19,636,319**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***11,420,000***	***8,902,486***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	800,000	260,438
713	Даноци на имот	4,770,000	4,825,094
717	Даноци на специфични услуги;	5,850,000	3,816,954
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***0***	***274,786***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	0	4,715
722	Такси и надоместоци	0	176,680
724	Други Владини услуги	0	55,389
725	Други неданочни приходи	0	38,002
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***6,965,895***	***10,459,047***
741	Трансфери од други нивоа на власт	6,965,895	10,459,047
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**18,385,895**	**18,431,488**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***4,839,980***	***4,703,071***
401	Основни плати и надоместоци	3,762,380	3,674,831
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	1,070,600	1,022,665
403	Останати придонеси од плати	7,000	5,575
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***200,000***	***195,640***
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	200,000	195,640
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***8,005,915***	***6,445,228***
420	Патни и дневни расходи	33,000	28,830
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	2,283,303	1,860,000
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	983,860	698,182
424	Поправки и тековно одржување	2,832,000	2,124,561
425	Договорни услуги	991,574	947,563
426	Други тековни расходи	882,178	786,092
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***120,000***	***1,999,958***
463	Трансфери до невладини организации	120,000	64,890
464	Разни трансфери	0	1,935,068
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***5,220,000***	***5,087,591***
482	Други градежни објекти	4,970,000	4,854,648
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	250,000	232,943

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ШУТО ОРИЗАРИ

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ШУТО ОРИЗАРИ

		ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**7,910,701**
		ВКУПНИ ПРИХОДИ	**21,211,998**	**23,062,888**
71		***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***13,794,700***	***14,273,082***
	711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	1,178,000	1,652,047
	713	Даноци на имот	6,566,700	6,451,310
	717	Даноци на специфични услуги;	6,050,000	6,169,725
72		***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***636,005***	***581,706***
	721	Претприемачки приход и приход од имот;	317,646	282,352
	722	Такси и надоместоци	280,000	267,214
	724	Други Владини услуги	35,000	28,781
	725	Други неданочни приходи	3,359	3,359
74		***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***6,781,293***	***8,208,100***
	741	Трансфери од други нивоа на власт	6,781,293	8,208,100
		ВКУПНИ РАСХОДИ	**21,211,998**	**15,152,187**
40		***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***6,161,549***	***5,785,973***
	401	Основни плати и надоместоци	4,904,119	4,589,087
	402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	1,250,420	1,189,887
	403	Останати придонеси од плати	7,010	6,999
41		***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***30,000***	***29,837***
	413	Тековни резерви (разновидни расходи)	30,000	29,837
42		***СТОКИ И УСЛУГИ***	***7,949,018***	***6,879,265***
	420	Патни и дневни расходи	15,000	3,210
	421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	4,121,609	3,563,634
	423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	704,600	790,375
	424	Поправки и тековно одржување	1,331,000	1,393,048
	425	Договорни услуги	1,501,809	1,008,943
	426	Други тековни расходи	275,000	120,055
46		***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***680,000***	***363,947***
	463	Трансфери до невладини организации	80,000	10,000
	464	Разни трансфери	600,000	353,947
47		***СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ***	***184,000***	***183,598***
	471	Социјални надоместоци	184,000	183,598
48		***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***6,207,431***	***1,909,567***
	482	Други градежни објекти	6,061,731	1,909,567
	483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	145,700	0

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- ЦЕНТАР

БУЏЕТ НА ОПШТИНА ЦЕНТАР

	ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**37,385,358**
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**430,040,476**	**416,054,576**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***386,517,905***	***372,147,394***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	2,720,000	3,407,495
713	Даноци на имот	48,200,000	57,598,573
717	Даноци на специфични услуги;	335,597,905	311,141,326
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***3,268,850***	***3,552,992***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	0	51,721
722	Такси и надоместоци	250,850	443,335
723	Административни такси и надоместоци	2,218,000	2,544,460
724	Други Владини услуги	500,000	320,162
725	Други неданочни приходи	300,000	193,315
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***40,253,721***	***40,354,190***
741	Трансфери од други нивоа на власт	40,253,721	40,289,638
742	Донации од странство	0	64,552
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**430,040,476**	**378,669,218**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***21,694,800***	***19,704,348***
401	Основни плати и надоместоци	16,883,600	15,345,966
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	4,781,100	4,331,727
403	Останати придонеси од плати	30,100	26,655
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***4,304,000***	***89,412***
411	Финансирање на нови програми и потпрограми	300,000	0
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	3,004,000	0
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	1,000,000	89,412
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***83,129,507***	***59,576,444***
420	Патни и дневни расходи	1,336,000	576,160
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	25,730,200	19,911,919
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	2,753,260	2,200,807
424	Поправки и тековно одржување	7,844,849	7,441,189
425	Договорни услуги	38,693,198	24,617,172
426	Други тековни расходи	6,772,000	4,829,197
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***4,585,880***	***4,059,093***
463	Трансфери до невладини организации	4,075,880	3,577,068
464	Разни трансфери	510,000	482,025
47	***СОЦИЈАЛНИ БЕНЕФИЦИИ***	***667,000***	***641,552***
471	Социјални надоместоци	667,000	641,552
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***315,659,289***	***294,598,370***
481	Градежни објекти	4,150,000	3,145,494
482	Други градежни објекти	305,109,289	288,778,792
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	5,800,000	2,674,084
485	Други нефинансиски средства	600,000	0

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА- АЕРОДРОМ

БУЏЕТ НА ОПШТИНА АЕРОДРОМ

ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ **53,159,221**

	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**210,523,809**	**82,360,614**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***187,362,878***	***48,085,569***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	11,200,000	5,403,195
713	Даноци на имот	49,174,900	25,394,570
717	Даноци на специфични услуги;	126,987,978	17,287,804
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***114,000***	***6,794,390***
722	Такси и надоместоци	0	22,650
723	Административни такси и надоместоци	0	118,840
724	Други Владини услуги	114,000	72,400
725	Други неданочни приходи	0	6,580,500
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***23,046,931***	***27,480,655***
741	Трансфери од други нивоа на власт	23,046,931	27,480,655
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**210,523,809**	**29,201,393**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***14,950,000***	***6,144,983***
401	Основни плати и надоместоци	11,864,900	5,599,244
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	3,066,200	544,920
403	Останати придонеси од плати	18,900	819
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***3,928,000***	***1,939,795***
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1,210,000	0
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	2,718,000	1,939,795
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***60,485,809***	***15,649,489***
420	Патни и дневни расходи	615,000	94,950
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	17,673,694	8,245,478
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	2,955,728	1,131,280
424	Поправки и тековно одржување	5,900,000	278,891
425	Договорни услуги	27,131,387	5,583,754
426	Други тековни расходи	6,210,000	315,136
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***3,110,000***	***745,350***
463	Трансфери до невладини организации	2,110,000	676,150
464	Разни трансфери	1,000,000	69,200
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***128,050,000***	***4,721,776***
481	Градежни објекти	2,500,000	0
482	Други градежни објекти	95,200,000	551,909
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	28,700,000	4,169,867
485	Други нефинансиски средства	1,650,000	0

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА-БУТЕЛ

БУЏЕТ НА ОПШТИНА БУТЕЛ

	ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ		**28,715,996**
	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**53,697,137**	**57,549,590**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***31,501,000***	***33,223,849***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	2,071,000	2,307,933
713	Даноци на имот	10,570,000	11,230,933
717	Даноци на специфични услуги;	18,860,000	19,684,983
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***4,910,000***	***4,872,558***
722	Такси и надоместоци	400,000	508,844
723	Административни такси и надоместоци	850,000	749,000
724	Други Владини услуги	240,000	194,714
725	Други неданочни приходи	3,420,000	3,420,000
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***17,286,137***	***19,453,183***
741	Трансфери од други нивоа на власт	17,286,137	19,453,183
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**53,697,137**	**28,833,594**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***6,075,086***	***4,502,034***
401	Основни плати и надоместоци	4,827,886	3,698,799
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	1,241,500	798,341
403	Останати придонеси од плати	5,700	4,894
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***1,750,000***	***152,546***
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1,200,000	0
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	550,000	152,546
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***25,393,641***	***13,569,100***
420	Патни и дневни расходи	90,000	43,776
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	11,162,276	8,353,739
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	1,767,900	1,144,770
424	Поправки и тековно одржување	4,760,000	383,155
425	Договорни услуги	6,218,465	3,472,487
426	Други тековни расходи	1,395,000	171,173
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***491,410***	***281,410***
463	Трансфери до невладини организации	291,410	281,410
464	Разни трансфери	200,000	0
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***19,987,000***	***10,328,504***
482	Други градежни објекти	16,637,000	9,675,616
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	2,350,000	173,488
485	Други нефинансиски средства	1,000,000	479,400

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

ЕДИНИЦА НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА ГРАД СКОПЈЕ

БУЏЕТ НА ГРАД СКОПЈЕ

ВИШОК / КУСОК НА ПРИХОДИ **65,593,253**

	ВКУПНИ ПРИХОДИ	**1,442,115,000**	**1,290,390,793**
71	***ДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***1,250,041,000***	***1,090,528,156***
711	Данок од доход, од добивка и од капитални добивки	14,300,000	9,509,314
713	Даноци на имот	219,700,000	218,287,992
717	Даноци на специфични услуги;	1,016,041,000	861,774,792
718	Такси за користење или дозволи за вршење на дејност;	0	956,058
72	***НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ***	***44,510,000***	***63,195,079***
721	Претприемачки приход и приход од имот;	110,000	10,201
722	Такси и надоместоци	1,000,000	108,151
723	Административни такси и надоместоци	10,000,000	29,388,561
724	Други Владини услуги	200,000	466,399
725	Други неданочни приходи	33,200,000	33,221,767
74	***ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ***	***147,564,000***	***123,667,558***
741	Трансфери од други нивоа на власт	146,711,000	122,768,549
742	Донации од странство	853,000	899,009
75	***ДОМАШНО ЗАДОЛЖУВАЊЕ***	***0***	***13,000,000***
751	Краткорочни позајмици во земјата	0	13,000,000
	ВКУПНИ РАСХОДИ	**1,442,115,000**	**1,224,797,540**
40	***ПЛАТИ, НАЕМНИНИ И НАДОМЕСТОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИТЕ***	***116,095,300***	***70,820,577***
401	Основни плати и надоместоци	86,695,100	54,698,316
402	Придонеси за социјално осигурување од работодавачите	29,201,000	16,024,233
403	Останати придонеси од плати	199,200	98,028
41	***РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ***	***4,500,000***	***4,159,579***
412	Постојана резерва (непредвидливи расходи)	1,750,000	1,500,000
413	Тековни резерви (разновидни расходи)	2,750,000	2,659,579
42	***СТОКИ И УСЛУГИ***	***342,552,945***	***251,687,593***
420	Патни и дневни расходи	3,747,000	1,580,782
421	Комунални услуги,греење, комуникација и транспорт	55,824,998	31,753,380
423	Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки	15,412,497	6,202,969
424	Поправки и тековно одржување	212,410,004	168,480,786
425	Договорни услуги	29,739,874	22,864,474
426	Други тековни расходи	25,418,572	20,805,202
45	***КАМАТИ***	***3,000,000***	***2,792,805***
452	Каматни плаќања кон домашни кредитори	3,000,000	2,792,805
46	***СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ***	***29,700,081***	***26,458,178***
461	Субвенции за јавни претпријатија	4,000,000	3,765,037
463	Трансфери до невладини организации	12,196,000	11,486,898
464	Разни трансфери	13,504,081	11,206,243
48	***КАПИТАЛНИ РАСХОДИ***	***914,266,674***	***836,878,808***
481	Градежни објекти	186,587,160	184,323,767
482	Други градежни објекти	686,856,515	624,972,280
483	Купување на мебел, опрема, возила и машини	8,912,094	2,874,567
485	Други нефинансиски средства	31,910,905	24,708,194
49	***ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА***	***32,000,000***	***32,000,000***
492	Отплата на главнина кон домашни институции	32,000,000	32,000,000

Единица	О п и с	План за 2005	Извршено во 2005

I ВОВЕД

Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година е изготвена согласно член 52 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија", бр.64/2005). Завршната сметка на Буџетот на Републиката по нејзиното утврдување од страна на Владата, се доставува до Собранието на Република Македонија за донесување, заедно со годишните сметки на буџетите на единиците на локалната самоуправа и фондовите.

Завршната сметка ја регистрира фактичката состојба на Буџетот, односно ја покажува реализацијата на приходите и расходите во изминатата буџетска година. Истата се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите и ги содржи следните прилози: Преглед на наплатени приходи и извршени расходи на сите буџетски сметки на Буџетот на Републиката, спореден со проценките на буџетските приходи и одобрените расходи, како и образложение за главните отстапувања.

Извештајот кон Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година е подготвен според GFS (Governmental Financial Statistics) методологијата, која методолошки се разликува од начинот на презентираните остварувања на приходите и расходите искажани во Билансите кои се составен дел на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Ваквото презентирање на реализацијата во извештајот кон Завршната сметка за 2005 година е меѓународно прифатена пракса која овозможува пореална слика за фактичките остварувања во фискалната сфера на македонската економија.

II ОСНОВИ ЗА ФИСКАЛНИТЕ ПРОЕКЦИИ ЗА 2005 ГОДИНА

Со Буџетот на Република Македонија за 2005 година се продолжи со реформите во оваа сфера преку зголемување на бројот на владините и капиталните потпрограми, насочени кон остварување на стратешките приоритети на Владата на Република Македонија. На овој начин се овозможува зголемување на ефикасноста во искористување на буџетските средства и нуди можност за оценка на резултатите преку следење на индикатори за успешност. Програмското прикажување на капиталните проекти во рамките на буџетот обезбедува едноставно следење на реализација на буџетските средства наменети за јавни инвестиции како и на изворите (домашни и странски) за нивното финансирање. Планирањето на буџетските средства на ставки, всушност претставува одобрување на права за трошење преку контролен механизам за извршување на расходните приоритети и овозможува поголема флексибилност на буџетските институции при извршувањето на расходите согласно реалните потреби. Ревидирањето на буџетските класификации согласно меѓународно прифатени стандарди останува како определба за натамошно усогласување вклучително и со стандардите на Европската унија во оваа област.

Македонската економија во текот на 2005 година очекуваше да оствари реален пораст на БДП од 3,8%, при очекуван пораст на индустриско производство меѓу 6% и 7%, при што не се очекуваа поголеми промени на полето на инфлацијата, односно просечната стапка на инфлација, беше планирана да изнесува околу 1,5%. Во оваа насока, продолжувањето на политиката за рационално трошење на средствата од Буџетот, како основна карактеристика на буџетската политика за 2005 година, претопстави остварување на проектираниот дефицит на централниот буџет од 1% од БДП и дефицит на општиот владин буџет од 1,2% од БДП (вклучувајки го дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта).

Иницијално, Фискалната политика за 2005 година се планираше да се оствари во рамки на вкупно планираните расходи на Буџетот на централната власт од 106.006 милиони денари, кои при непроменета даночна политика требаше се финансираат од планираните приходи на ниво од 102.705 милиони денари. Со оваа проекција на приходите и расходите, дефицитот на Буџетот на централната власт беше оценет на ниво од 3.300 милиони денари, односно 1,22% од планираниот бруто домашен производ.

Вака дефинираната фискална политика беше во согласност со определбата на Владата на Република Македонија за склучување на структурни и развојни аранжмани со меѓународните финансиски институции, подготовка за претстојните економски и социјални реформи и побрзо приближување кон структурите на ЕУ и НАТО.

Врз основа на повисоката реализација на изворните приходи во првите пет месеци од 2005 година и очекувано продолжување на истиот тренд и во втората половина од годината се изврши ревидирање на повисоко ниво во однос на планираното. Ваквото ревидирање беше иницирано од повисоката реализација на Данокот на додадена вредност, како и на неданочните приходи, во најголем дел поради повисоко утврдената дивиденда од АД Македонски телекомуникации.

Изворните приходи на Буџетот на Централната власт (вклучувајќи го централниот буџет и буџетите на фондовите) со измените и дополнувања за 2005 година беа ревидирани на ниво од 105.269 милиони денари или за 2.564 милиони денари повеќе во спредба со иницијалните проекции на Буџетот на централната власт за 2005 година. Повисокото ревидирање на приходите се должеше пред се на очекуваните приходи од Данокот на додадена вредност и повисоко утврдената дивиденда од АД Македонски телокомуникации. Врз основа на ревидираните приходи, расходите со измените и дополнувањата на Буџетот на Централнта власт за 2005 беа проектирани во висина од 107.499 милиони денари. Со оваа проекција на приходите и расходите, дефицит на буџетот на централната власт за 2005 година изнесуваше 2.230 милиони денари или пак 0,82% од планираниот бруто домашен производ. Вака планираниот дефицит, во себе го вклучуваше дефицитот на централниот буџет кој изнесуваше 1.743 милиони денари или 0,6% од планираниот бруто домашен производ и дефицитот на Фондот за магистрални и регионални патишта со 0,2% од планираниот бруто домашен производ.

Во овие рамки Централниот буџет (кој се однесува на буџетските корисници на централната власт и ги вклучува основниот буџет, буџетот на донации, заеми и самофинансирачки активности) со Измените и дополнувањата на Буџетот на Република Македонија за 2005 година изворните приходи беа планирани на износ од 72.369 милиони денари, или 2.740 милиони денари повеќе во однос на приходите планирани со Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Гледано структурно кај даночните приходи повисокото ревидирање се однесуваше на ДДВ, персоналниот данок, акцизите и увозните давачки. Планираното зголемување на наведените даночни приходи беше резултат на очекуваната поефикасна наплата на даноците и зголемената фискализација на даночните обврзници, измените во даночната регулатива, како и веќе усвоените зголемувања на даночните стапки кај одделни видови даноци.

Повисокото ревидирање на вкупните приходи се должи и на ревидирањето на неданочните приходи, кои беа планирани во износ од 13.929 милиони денари, а пред се поради повисоко утврдената дивиденда од АД Македонски телекомуникации кај основниот буџет во износ од 1.560 милиони денари во однос на планираната со Буџетот за 2005 година. Најголемиот дел од овие приходи (8.779 милиони денари) се однесува на неданочните приходи кои буџетските корисници планираа да ги реализираат во рамките на посебните сметки.

Со Измените и дополнувањата планирано беше повлекување на средства од Холандија (втора транша од донацијата) во вкупен износ од 816 милиони денари за макрофинансиска подршка на буџетот. Во вкупно планираното ниво на донации во 2005 година опфатени беа донациите кои буџетските корисници планираа да ги реализираат

во текот на годината во износ од 3.420 милиони денари, при тоа вклучувајќи ги и оние средства кои донаторите директно ги уплатуваат на изведувачите или контракторите.

Ревидирањето на расходите на Централниот буџет беше детерминирано на ниво од 74.112 милиони денари или за околу 1.852 милиони денари повеќе во однос на Буџетот на Република Македонија за 2005 година, износ во кој се вклучени и расходите кои буџетските корисници ги финансираат од сопствените извори. Зголемувањето на расходите се должеше на потребата од обезбедување на дополнителна алокација на средства согласно Измените на Законот за плати на избраните и именуваните лица, покривање на загубата и обезбедување на средства наменети за општите резерви на НБРМ, како и финансирање на приоритетни реформски проекти на Владата на Република Македонија.

Во рамки на ваквото зголемување, 1.220 милиони денари беа наменети за трансферот до Народната банка на Република Македонија, од кои 500 милиони денари се планираа како капитален трансфер кон НБРМ со што се обезбедуваше потребното ниво на општи резерви, а за загубата од 720 милиони денари се планираше издавање на државни хартии од вредност.

Трансферот кон НБРМ целосно го рефлектираше ревидираното ниво на дефицитот на основниот буџет од 920 милиони денари (0,3 % од БДП), во кои беа содржани 720 милиони денари наменети за трансферот до НБРМ за покривање на утврдената загуба, но без реални фискални импликации, имајќи предвид дека за покривање на утврдената загуба се планираше да бидат издадени државни записи во вкупен износ од 720 милиони денари, кои ќе доспеваат по 2005 година и каматните трошоци кои претстојат од 2006 година.

Останатите 0,3% од дефицитот на централната власт се однесуваа на повлекувањата на кредитите од страна на буџетските корисници на сопствените сметки кои беа планирани во износ од 876 милиони денари, а беа наменети за проекти од областа на судството, здравството, образованието, катастарот, судството и други развојни проекти.

Во текот на последниот квартал од 2005 година планирана беше првата емисија на евро обврзници во износ од 9.197 милиони денари, со што се планираше да се обезбеди нов извор за финансирање на јавните расходи, рефинансирање на постојниот јавен долг како и поинтензивно промовирање на Република Македонија за привлекување на нови странски инвестции.

На ваков начин во 2005 година беше планирано зголемување на депозитите на Буџетот на Република Македонија во износ од 9.111 милиони денари. Со цел избалансираност на Буџетот, зголемувањето на депозитите беше планирано на расходната страна, иако истото во суштина нема третман на буџетски расход, т.е. не претставува право за трошење и соодветно на тоа трансакцијата не може сметководствено да се евидентира и да се прикаже реализација на соодветната ставка каде е испланирана.

III ОСТВАРУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО 2005 ГОДИНА

Во текот на 2005 година фискалнта политика на централната власт (вклучувајќи го централниот буџет и буџетите на фондовите) се реализираше во рамки на остварените расходи во износ од 100.219 милиони денари, финансирани од остварените изворни приходи во висина од 100.927 милиони денари. Со оваа реализација на приходите и расходите беше остварен суфицит на централната власт во висина од 708 милиони денари или 0,3% бруто домашниот производ.

Изворните приходи на централниот буџет (вклучувајќи го основниот буџет и буџетите од сопствени активности, донации и кредити на буџетските корисници) беа остварени во висина од 69.361 милиони денари односно 95,8% од планираните.

- **Даночните приходи на централниот буџет,** вклучувајќи ги и приходите на сопствените сметки на буџетските корисници се реализираа во износ од 55.326 милиони денари, односно 103,2 % во однос на планираниот износ од 53.573 милиони денари.

Во структурата на остварените изворни приходи во 2005 година, даночните приходи учествуваат со 79,7%, при што најголемо е учеството на данокот на додадена вредност со 39 %. Во рамките на остварените изворни приходи, акцизите учествуваа со 15,9%, персоналниот данок од доход со 11,7%, цариниte и другите увозни давачки со 7,6% и данокот на добивка со 4,1%.

Даночните приходи во 2005 година, поодделно по видови даноци се остварени:

Данокот на додадена вредност во 2005 година е остварен во висина од 27.082 милиони денари или 102,9% во однос на планираниот износ.

Ваквото остварување на приходите по основ на ДДВ говори за фактот дека современиот даночен систем на данокот на додадена вредност со сите негови карактеристики (особено ефикасноста) успешно се применува.

Зголемувањето на приходите по основ на ДДВ меѓу другото се должи на зголемената наплата на увозниот ДДВ што се рефлектира и врз зголемување на наплатата на ДДВ од домашниот промет пред се заради ефикасноста на даночната администрација.

Приходите од *акцизите* како значителен дел на даночните приходи со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година беа проектирани во висина од 10.756 милиони денари, а се остварија во износ од 11.089 милиони денари, што во однос на планот претставува пораст од 3,1% односно 333 милиони денари.

Вкупното зголемено остварување на приходите од акцизи се должи на зголемената наплата на акцизи од тутунските добра односно цигарите и тоа повеќе во однос на планот за 266 милиони денари. Зголемената наплата на акциза од цигарите е заради зголемената потрошувачка на одаочени цигари (нелегалната потрошувачка на цигари во 2005 е сведена на најниско ниво), како и од зголемена наплата на акцизата од алкохолните пијалаци што укажува на позитивен тренд на легална потрошувачка и во овој сектор.

По основ на *персоналниот данок на доход* кој го плаќаат физичките лица на доходот остварен по различни основи и од различни извори, со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година се планираа средства во износ од 8.231 милиони денари. Во текот на годината се оствари 8.097 милиони денари што е за 1,6% помалку од планираното, и е резултат на благо преценето планирање.

Во структурата на приходите од овој вид на данок, вообичаено најголем дел од приходите се остварени од данокот од плати и други лични примања од работен однос и тоа 76,3%, како и од данок на примања остварени по основ на договор за дело со 10,3%, додека учеството на приходите по другите основи во структурата е релативно помало.

Од планираните приходи со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година по основ на *данокот на добивка* во износ од 2.571 милиони денари, се оствари 2.837 милиони денари или 110,3%.

Позитивниот тренд на движењето на економијата е потврден со натфрлањето на приходите од данокот на добивка како во однос на претходната година за 20,1%, така и во однос на проектираните приходи по овој основ за 10,3%.

Од вкупно планираните приходи со Ребалансот на Буџетот на Република Македонија по основ на *царини и други царински давачки* за 2005 година во износ од 4.867 милиони денари, во 2005 година остварени се 5.266 милиони денари или 108,2%.

Во рамките на остварените приходи по овој основ остварени се: приходи од царини од правни и физички лица 4.252 милиони денари, од надомест за царински услуги по наименување 310 милиони денари, од прелевмани за земјоделски производи 404 милиони денари и други царински давачки 300 милиони денари.

Даночните приходи кои буџетските корисници ги реализираат на сопствените сметки во текот на 2005 година се оствари во висина од 304 милиони денари што претставува 118,7% реализација.

- **Неданочните приходи** во 2005 година се остварија во износ од 11.606 милиони денари, што претставува 83,3% во однос на планираните. Отстапувањето на реализацијата кај неданочните приходи се должи воглавно на послабата реализација на посебните сметки на буџетските корисници, како и заради потенцијалната можност за нивно нереално (високо) проценување од страна на буџетските корисници.

Во структурата на неданочните приходи доминира дивидендата од Македонски телекомуникации А.Д. во износ од 2.750 милиони денари. Значаен дел од неданочните приходи се остварени по основ на приходи од парични казни, судски и административни такси во износ од 1.657 милиони денари. Структурата на останатите неданочни приходи е следна: приливот од профитот од Агенцијата за управување со средства учествува со 352 милиони денари (износ во кој се вклучени и средствата од Фондот за побарување и јавните претпријатија во висина од 320 милиони денари), каматата на депонирани средства во НБРМ изнесува 72 милиони денари, приходите од изработка на просторни и урбанистички планови изнесуваат 10 милиони денари, посебни давачки за игри на среќа и забавни игри 78 милиони денари, 74 милиони денари се приходи од здравствена заштита на животни, 51 милиони денари се приходи од задолжителна контрола на растенијата и 29 милиони денари се приходи од регистрација на возила.

Приливот на средства во централниот буџет по основ на капитални приходи се оствари во износ од 933 милиони денари, односно за 48% повеќе во однос на иницијално проектираниот во износ од 630 милиони денари. Во структурата на капиталните приходи доминантно учество имаат приходите од продажба на општествени станови реализирани во износ од 316 милиони денари и приходи од продажба на земјиште и нематеријалните вложувања кои учествуваат со 66,1% или 617 милиони денари.

По основ на приходите од *донации* за 2005 година остварени се во износ од 1.494 милиони денари, од кои најзначајни се донациите кои буџетските корисници ги остваруваат на посебните сметки наменети за финансирање на конкретни проекти и тоа во висина од 1.108 милиони денари, како и донации од од Европските Држави во износ од 386 милиони денари наменети за макробилансната поддршка на Буџетот за 2005 година.

Вкупните расходи на Буџетот на Република Македонија за 2005 година беа остварени во висина од 68.047 милиони денари односно 91,8% од планираните, износ во кој се вклучени и расходите кои буџетските корисници ги финансираат од сопствените приходи.

Во рамки на вкупните буџетски расходи, **тековните расходи** се остварија во износ од 58.917 милиони денари, односно реализација од 96,6%. Во структурата на тековните расходи највисоко е учеството на тековните трансфери со 38,2%, расходите за плати, наемнини и надоместоци учествуваат со 37,9%, а 19,8% се однесуваат на расходите за стоки и услуги.

- За *плати, наемнини и надоместоци* беа исплатени вкупно 22.331 милиони денари, односно 98,7% од планираниот износ. Овие расходи во себе го вклучуваат ефектот од процесот на декомпресија на платите на државните службеници, како и ефектот од 12 месечни плати на лицата вработени во текот на 2004 година по основ на правична застапеност на припадниците на етничките малцинства.

- *Расходите за стоки и услуги* се релизираа во износ од 11.692 милиони денари што претставува 89,4% реализација во однос на планираните. Во рамки на овие расходи вклучени беа и средствата наменети за навремено и целосно спроведување на локалните избори.

- *Тековните трансфери* на централниот буџет се остварија во износ од 22.537 милиони денари или 98,4% во однос на планираните.

Социјалната димензија на централниот буџет се реализира преку трансферите до Фондот за пензиско и инвалидско осигурување во износ од 8.291 милиони денари, трансферите за невработените до Заводот за вработување во вкупен износ од 5.616

милиони денари (во кои е вклучен и ефектот од реализација на програмата за поттикнување на нови вработувања во износот од 516 милиони денари), трансферите до социјално загрозените семејства во висина од 2.993 милони денари, за исплата на детскиот додаток се издвоија 465 милиони денари, за воените инвалиди се реализирани вкупно 435 милиони денари, а за бегалците се потрошени 143 милиони денари.

Во рамки на тековните трансфери опфатени се и средствата за спроведување на процесот на децентрализација, односно примена на одредбите на Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа во втората половина од 2005 година и истите се реализирани во износ од 813 милиони денари што е без малку на ниво од планираното .

Реформската димензија на централниот буџет се оствари преку трансферите за структурни реформи и реформата на јавната администрација.

Средствата за структурни реформи во износ од 406 милиони денари беа наменети за трансфери до Заводот за вработување за исплата на паричен надоместок по основ на невработеност, придонеси за ПИО и придонеси за здравствено осигурување (за работниците од претпријатијата загубари опфатени со ФЕСАЛ 2 аранжманот, за работниците од водостопанските претпријатија, како и за започнатите реформи во ЈП Македонски железници).

За реформата на јавната администрација реализирани беа 540 милиони денари наменети за реформи во државната администрација, како и реформите согласно со измените на Законот за служба во АРМ.

- *Камашните йлаќања* во 2005 година се остварија во износ од 2.357 милиони денари, од кои по основ на домашен долг се исплатија 1.074 милиони денари, а по основ на надворешен долг 1.283 милиони денари.

Најзначајно учество кај каматните плаќања по основ на домашен долг имаа каматните плаќања по издадени домашни обврзници во висина од 783 милиони денари, а остатокот се однесува на каматата на државните записи.

Во рамките на исплатените камати по надворешниот долг најголемиот дел се однесуваше на плаќања кон Парискиот и Лондонскиот клуб на доверители во висина од 642 милиони денари, кон Европска Унија од 120 милиони денари, кон Светска банка од 333 милиони денари, кон Меѓународниот Монетарен Фонд 13 милиони денари, а кон другите билатерални и мултилатерални кредитори 143 милиони денари.

Капиталните расходи се рализираа на ниво од достигнаа ниво од 9.130 милиони денари, односно 69,4% во однос на планираните, при што треба да се истакне дека ваквиот степен на реализација на капиталните расходи произлегува од слабата реализација на капиталните расходи финансирани од сопствените приходи на буџетските корисници.

Во рамки на капиталните расходи вклучена е и емисијата на државни хартии од вредност од 716 милиони денари наменети за покривање на утврдената загуба на НБРМ, чија реализација не може да се презентира во Билансот на расходи, поради решенијата кои произлегуваат од важечките законски прописи од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, додека според GFS (Governmental Financial Statistics) методологијата истата се прикажува како расход во тековната година. Остатокот од капитални расходи беше наменет за: изградба на патишта; изградба на објекти во водостопанство; изградба на пречистителни станици, објекти од дејноста на образованието, како и за објектите на дипломатско конзуларните претставништва и слично.

За недоволно развиените единици на локалната самоуправа во 2005 година се издвоија средства во износ од 639 милиони денари, трансферот за изградба и реконструкции на магистрални и регионални патишта изнесуваше 1.320 милиони денари, додека пак учеството на државата за одржување на железничката инфраструктура изнесуваше 90 милиони денари.

За 2005 година карактеристично за капиталните расходи на основниот буџет беше што согласно одредбите од Законот за извршување на Буџетот на Републиката,

буџетските корисници беа обврзани да реализираат 30% од планираните средства за капитални проекти во првите шест месеци од годината.

Ваквата реализација на приходите и расходите на Централната власт во наведените износи резултираше со суфицит во висина од 708 милиони денари во однос на првично планираниот дефицит во износ од 2.230 милиони денари. Вака оствареният суфицит во себе го вклучува суфицитот на централниот буџет кој изнесуваше 1.314 милиони денари и дефицитите на Фондот за магистрални и регионални патишта (358 милиони денари), Фондот за пензиско и инвалидско осигурување (138 милиони денари) и Фондот за здравствено осигурување (123 милиони денари).

Буџет на Република Македонија за 2005 година

	Ребаланс Буџет 2005	Завршна 2005
ВКУПНИ ПРИХОДИ	***105.269***	***100.927***
Даночни приходи и придонеси	**83.847**	**84.580**
Даночни приходи	**54.274**	**55.985**
Придонеси	**29.573**	**28.595**
Неданочни приходи	**16.555**	**13.918**
Капитални приходи	**630**	**933**
Донации	**4.236**	**1.494**
Приходи од отплата на заеми	**1**	**2**
ВКУПНИ РАСХОДИ	***107.499***	***100.219***
Тековни расходи	***92.742***	***90.027***
Плати и надоместоци	*23.177*	*22.835*
Стоки и услуги	*14.253*	*12.984*
Трансфери	*52.653*	*51.597*
Каматни плаќања	*2.659*	*2.611*
Капитални расходи	**14.757**	**10.192**
ДЕФИЦИТ/СУФИЦИТ	**-2.230**	**708**
ФИНАНСИРАЊЕ	**2.230**	**-708**
Прилив	***10.046***	***7.064***
Приходи од приватизација	1.024	1.383
Странски заеми	14.895	13.913
Депозити	-9.113	-9.797
Домашно задолжување (Државни записи)	3.229	1.538
Продажба од акции	11	27
Одлив	***7.816***	***7.772***
Отплата на надворешен долг	3.266	3.295
Отплата на домашен долг	4.550	4.477

Една од причините за вака оствареният суфицит секако претставува повисоко остварената наплата на приходите и тоа пред се кај даночните приходи, доминантно поради повисокото остварување кое беше забележано кај данокот на додадена вредност, при што реализацијата беше повисока во однос на планираната за 756 милиони денари. Ваквото остварување на приходите по основ на ДДВ произлезе како резултат на зголемената ефикасност на даночната инспекција, односно зголемената фискализација

со што се потврди фактот дека современиот даночен систем на данокот на додадена вредност со сите негови карактеристики (особено ефикасноста) успешно се применува.

Исто така остварениот суфицит призлегува и од нискиот степен на реализација на капиталните расходи финансирани од сопствените приходи на буџетските корисници

Приливите од домашни извори се реализираа во износ од 2.951 милиони денари и тоа по основ на приватизација, сукцесија и емисија на државни записи во износ од 1.539 милиони денари.

Задолжувањето по основ на странски заеми во 2005 година изнесуваше 12.941 милиони денари, од кои од Светската Банка беше повлечен кредит во висина од 2.497 милиони денари, задолжувањето кај Европската Унија изнесуваше 9.131 милиони денари, задолжувањето кај ЕБРД изнесуваше 689 милиони денари, додека задолжувањата кај меѓународните развојни агенции изнесуваат 2,5 милиони денари. Во рамки на овие износи вклучени се и повлекувањата на кредитите од страна на буџетските корисници на сопствените сметки кои беа реализирани во износ од 623 милиони денари, а беа наменети за проекти од областа на судството, здравството, образованието, катастарот, судството и други развојни проекти.

За отплата на главнината по домашен и надворешен долг во текот на 2005 година беа исплатени вкупно 7.270 милиони денари, од кои 4.402 милиони денари беа наменети за отплата на главница по внатрешен долг (државни обврзници за старо девизно штедење, обврзници издадени за санација на банки и за денационализација). Остатокот од 2.868 милиони денари се потрошени за отплата на главница по мултилатерални кредити. Во структурата на отплатите по мултилатерални кредити доминантно учество има отплатата по кредитите од Парискиот и Лондонскиот клуб на кредитори, како и од Светската банка.

Во 2005 година издвоени беа финансиски средства во износ од 9.936 милиони денари, кои го претставуваат зголемувањето на депозитите на Буџетот на Република Македонија во НБРМ.

Сето ова укажува дека во текот на 2005 година, фискалната политика беше водена во согласност со поставените цели за постигнување и одржување на макроекономската стабилност, како и остварување на напорите за поголема рационалност од страна на владиниот сектор.

ДОПОЛНИТЕЛНО ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ЗАВРШНАТА СМЕТКА НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година е изготвена согласно член 52 од Законот за буџетите ("Службен весник на Република Македонија", бр.64/2005). Завршната сметка ја регистрира фактичката состојба на Буџетот, односно ја покажува реализацијата на приходите и расходите во изминатата буџетска година. Истата се изготвува во согласност со класификацијата на приходите и класификацијата на расходите и ги содржи истите прилози кои ги содржи Буџетот на Република Македонија за 2005 година и Ребалансот на Буџетот за 2005 година.

При тоа, треба да се напомене дека извештајот кон Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година е подготвен според GFS (Governmental Financial Statistics) методологијата, која методолошки се разликува од начинот на презентираните остварувања на приходите и расходите искажани во Билансите кои се составен дел на Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година. Ваквото презентирање на реализацијата во извештајот кон Завршната сметка за 2005 година е меѓународно прифатена пракса која овозможува пореална слика за фактичките остварувања во фискалната сфера на македонската економија.

Со оглед на тоа дека планираниот дефицит на Буџетот и Ребалансот на Буџетот на Републиката за 2005 година е изготвен врз основа на стариот Закон за буџетите, односно планираниот дефицит е утврден за Основниот буџет на Република Македонија, произлегува и констатацијата дека фактички утврдениот суфицит по Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година во членот 1 е утврден врз основа на истиот начин, односно за Основниот Буџет на Република Македонија.

Во текот на 2005 година беше донесен новиот Закон за буџетите ("Службен весник на Република Македонија", бр.64/2005), кој стапи на сила од 01 јануари 2006 година, согласно кој Буџетот на Република Македонија е дефиниран како годишен план на приходи и други приливи и одобрени средства и ги вклучува централниот буџет (основен буџет, буџет на донации, буџет на заеми и буџет на самофинансирачки активност) и буџетите на фондовите.

Ова значи дека при утврдувањето на дефицитот/суфицитот на Буџетот на Републиката од 2006 година, покрај основниот буџет, треба да бидат вклучени и буџетите на донациите, заемите и самофинансирачките активности на буџетските корисници и буџетите на фондовите.

Имајќи ги предвид измените во законската регулатива, во продолжение приложени се прегледи за утврдениот суфицит на Основниот Буџет на Република Македонија за 2005 година и суфицитот на Буџетот на Република Македонија за 2005 година.

Завршната сметка на Буџетот на Република Македонија за 2005 година се состои од:

во милиони денари

	Планирани	Остварени
I Вкупни приходи	**105.269**	**100.927**
- изворни приходи	100.402	98.498
- капитални приходи	630	933
- странски донации	4.237	1.496
II Вкупни расходи	**107.499**	**100.219**
- утврдени намени	107.309	100.037
- резерви	190	182
III Дефицит/Суфицит	**-2.230**	**708**
Прилив	**10.046**	**7.064**
- домашни приливи	4.264	2.948
- странски кредити	14.895	13.913
- зголемување на депозитите	- 9.113	-9.797
Одлив (отплата на главнина)	**7.816**	**7.772**

Завршната сметка на Основниот буџет на Република Македонија за 2005 година се состои од:

во милиони денари

	Планирани	Остварени
I Вкупни приходи	**59.905**	**61.623**
- изворни приходи	58.469	60.306
- капитални приходи	620	931
- странски донации	816	386
II Вкупни расходи	**60.825**	**60.055**
- утврдени намени	60.635	59.873
- резерви	190	182
III Дефицит/Суфицит	**-920**	**1.568**
Прилив	**8.111**	**5.659**
- домашни приливи	4.253	2.953
- странски кредити	12.969	12.319
- зголемување на депозитите	-9.111	-9.613
Одлив(отплата на главнина)	**7.191**	**7.227**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
Бр.08-18336/2
31.05.2006 год.
Скопје

ДО ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
За г. д-р Драгољуб Арсовски, главен државен ревизор
-СКОПЈЕ

Предмет: Доставување на Забелешки по Претходен извештај за извршена ревизија за 2005 година

Почитуван г. Арсовски,

Во врска со Вашиот допис број 1002-468/1, од 23.05.2006 година, во прилог Ви ги доставуваме забелешките по Претходниот извештај за извршена ревизија за 2005 година.

Ви благодариме на соработката.

Со почит,

Министер,
м-р Никола Поповски

Прилог: Забелешки по Претходниот извештај за извршена ревизија за 2005 година

ЗАБЕЛЕШКИ

ПО ПРЕТХОДНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ ЗА 2005 ГОДИНА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА

Точка 10.1.

Наодите во точка 10.1. не соодветствуваат со насловот на точката "Неправилна примена на акти", од причина што наодите не се однесуваат на постапување кое значи неправилна примена на акти.

Имено, наодите во оваа точка кои се однесуваат на Законот за извршување на Буџетот, односно на ставките кои не се опфатени и дефинирани во законот, Министерството за финансии смета дека истите не можат да имаат третман на наод. Оваа констатација се однесува на самиот закон, во смисла на тоа што во законот не се опфатени ставки кои според структурата и вредноста, според Државниот завод за ревизија е потребно да се дефинираат во истиот. Ваквата забелешка, не може да има тежина и да биде оквалификувана како "неправилна примена на актите", заради што сметаме дека ваквата забелешка може да биде посочена само како укажување, кое би можело да се земе во предвид при предлагање и изготвување на Законот за извршување на Буџетот.

Исто така, дел од наодите од оваа точка се однесуваат на отстапување на реализацијата од планираните ставки во буџетот, односно на низок процент на реализација на ставките од буџетот на Функција на државата. Во однос на ова, сметаме дека Државниот Завод за ревизија треба да го има предвид следново:

Со Буџетот на Република Македонија за 2005 година, во рамките на потпрограмата Д8 - Управување со буџетски средства, на ставката 486 - Финансиски средства се прикажува планираното зголемување на депозитите на Буџетот во НБРМ. во износ од 9,111,000 илјади денари. Буџетската алокација во оваа програма **не претставува право за трошење, односно нема третман на буџетски расход.** Овие средства беа планирани да се обезбедат со емисија на Евро обврзници и преку оваа емисија се обезбедија средства за откуп на долгот на РМ кон Лондонскиот клуб на кредитори во јануари 2006 година.

Имајќи го предвид фактот што ставката 486 - Финансиски средства не претставува право за трошење, односно нема третман на буџетски расход, на истата не е прикажана реализација. Согласно тоа, истата не треба да се зема предвид при утврдување на процентот на реализација на планираните ставки во Функција на држава.

Поради тоа, сметаме дека констатациите во потточката 10.1. за нискиот процент на реализација на планираните ставки во буџетот на Функција на држава не треба да имаат третман на наод, а уште помалку да бидат класифицирани како неправилна примена на акти.

Точка 10.2
Потточка 10.2.1.

Во однос на препораката дадена во претходниот извештај на овластениот државен ревизор во оваа потточка, укажуваме дека истата треба да гласи: Надлежните служби во Министерството за финансии при корегирање на планираните

дотациите од ДДВ за општините како основа да го користат реализираниот износ од претходната година.

Потточка 10.2.2.

Во однос на препораката во претходниот извештај на овластениот државен ревизор во оваа потточка сметаме дека е неопходно доставување на следново образложение. Имено, со Законот за финансирање на политичките партии ("Сл. Весник на Република Македонија" бр.76/04) покрај другото, се дефинираат и јавните извори за финансирање на политичките партии. Вкупните средства за годишно финансирање на политичките партии се во висина од од 0,06% од вкупните изворни приходи на Буџетот на Република Македонија.

Средствата што се обезбедуваат од Буџетот на Република Македонија се распоредуваат подеднакво на парламентарните и вонпарламенатните политички партии односно на сите политички партии кои освоиле најмалку 1% од гласовите на излезените граѓани на последните избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, на ниво на целата Република, односно на последните локални избори во единицата на локалната самоуправа и на политичките партии чии кандидати се избрани за пратеници во Собранието на Република Македонија, сразмерно на бројот на нивните пратеници односно на политичките партии чии кандидати се избрани за градоначалници и советници во општините на Република Македонија, сразмерно на бројот на нивните советници. Ова значи дека основа за распределба на овие средства се последните парламентарни или последните локални избори.

Законот за финансирање на политичките партии е во сила од 04.11.2004 година, а се применува од 01.01.2005 година.

Распоредувањето на средствата за годишно финансирање на политичките партии се врши врз основа на упатство за распределба на предвидените средства, донесено од министерот за финансии. Согласно истиот закон средствата за финасирање на политичките партии се распоредуваат на секои три месеци.

Почитувајќи ги одредбите од законот поголем број од политичките партии кои ги исполнуваа условите за финансирање, барања до Министерството за финансии доставија уште на почетокот на годината.

Последните локални избори се одржаа на 13 март 2005 година, а Државната изборна комисија конечните резултати до Собранието на Република Македонија ги испрати во месец мај.

Основот за распределба на средствата за годишно финансирање на политичките парии во Упатството за распределба на средствата од Буџетот на Република Македонија за годишно финансирање на политичките партии ("Сл.весник на Република Македонија" бр.59/05) се резултатите од последните парламентарни избори за кои постојат конечни утврдени и потврдени податоци, содржани во Извештајот за спроведените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија во 2002 година на Државната изборна комисија. И заради обврската за почитување на роковите во кои се донесуваат подзаконските акти и во кои требаше да се изврши распределбата, основот се резултатите од последните парламентарни избори.

ЗАБЕЛЕШКИ

ПО ПРЕТХОДНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА БУЏЕТОТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2005 ГОДИНА

Во делот Буџет на РМ образложенија кон финансиските извештаи, во точката 3.1.5. домашно задолжување во последната реченица каде се вели дека средствата втасуваат за плаќање во 2006 година, треба да се додаде и 2007 година.

Во точката 3.2.3 за отплата на главнина, во последната реченица потребно е да се набројат покрај обврзниците за денационализација и старо девизно штедење и другите обврзници и тоа за санација на Стопанска банка и Приватизација на Стопанска банка.

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број 1003-305/4
Скопје,27.04.2006 година

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Централниот буџет-финансиран со изворни приходи утврдени во буџетот на Република Македонија (во понатамошниот текст: Буџет на РМ) за 2004 година, кои се прикажани на страните 9 и 10.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија и изготвен е извештај за финансиските извештаи на Буџетот на РМ за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапувано од:

- М-р Никола Поповски, министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните 1 до 8, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај, е извршена во периодот од 18.12. до 23.02.2006 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

- Бранислав Гулев, овластен државен ревизор, помошник на ГДР
- Светлана Кумова, самостоен ревизор, и
- Александар Ѓорѓиевски, ревизор.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, е да овозможи ревизорот да го изрази мислењето:

- дали изготвувањето, доставувањето и донесувањето на Буџетот, како и неговото извршување е во согласност со законската регулатива, и

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;

8. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија со Правилникот за ревизорските стандарди за државна ревизија ("Сл.весник на РМ" бр.56/98). Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изнесеното мислење.

9. Од Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 08/13865 од 19/04/2006 година и тоа на точките 9.1.2, 9.1.4, 9.1.5, 9.1.6, 9.3.1 и 9.3.2. и истите не се прифатени од страна на ревизијата.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

10.1. Неправилна примена на акти

10.1.1. Буџетскиот циркулар во кој се содржани главните насоки за изготвување на буџетите на корисниците на буџетот, единиците на локалната самоуправа и фондовите, спротивно на член 15 од Законот за буџетите е доставен до буџетските корисници на почетокот на месец јуни наместо во месец април. Заради доцнењето во доставувањето на буџетскиот циркулар до буџетските корисници, не е испочитуван рокот за доставување на предлог буџетската пресметка од страна на буџетските корисници до Министерството за финансии најдоцна до 15 јуни. Доцнењето во изготвувањето и доставувањето на буџетскиот циркулар до буџетските корисници во Министерството се објаснува со незавршените преговори со мисијата на Меѓународниот монетарен фонд до тој рок, што ја пролонгира целокупната постапка при изготвувањето на буџетите.

Во законот за Буџетите донесен во август 2005 година (со важност од 1 јануари 2006 година) рокот за доставување на Буџетскиот циркулар до носителите на функционалните области и на фондовите е поместен најдоцна до 15 јуни.

10.1.2. Ревизијата утврди дека кај дел од корисниците на Буџетот се јавуваат отстапувања во однос на лимитите што ги утврдува Министерството за финансии при планирањето на расходите и тоа:

- ✓ кај Министерство за труд и социјална политика, раздел 15020 Социјална заштита е надминат лимитираниот износ;
- ✓ на корисникот Министерство за образование и наука, за програмите 17 (Наука) и 18 (Научни институти) испланирани се средства во износот поголем од износот предложен во предлог пресметката;

- ✓ на буџетските корисници: Агенција за млади и спорт, Министерство за внатрешни работи и Министерство за труд и социјална политика им се намалени предложените износи по ставки иако вкупно предложените износи од буџетските корисници не го надминуваат лимитираниот износ кој го има утврдено Министерството за финансии.

Според објаснувањето добиено од Министерството за финансии, при конципирањето на Предлог Буџетот на Република Македонија се тргнува од принципот на реалност, што значи планирање на приходите во износи кои реално можат да бидат реализирани и на расходите во износи што се неопходни за финансирање на соодветен обем и квалитет на јавните добра и услуги. Врз основа на вкупно проектираните приходи и расходи се планираат лимитите за одделни буџетски корисници, меѓутоа во периодот до конечното утврдување на Буџетот на Република Македонија доаѓа до поместувања (усогласување со ставовите на Меѓународниот монетарен фонд, усогласување со проекциите, дополнителни пресметки за одредени трошоци, амандманско одобрување на дополнителни средства), така што се менуваат одделни лимити или пак се наметнува потреба од намалување на одредени видови расходи.

Во законот за Буџетите донесен во август 2005 година корисниците на буџетски средства ги доставуваат усогласените буџетски барања до Министерството за финансии најдоцна во рок од седум дена од денот на враќањето на предлогот на буџетското барање.

10.1.3. Усогласувањето на предлог буџетите на корисниците со Министерството за финансии не се потврдува со соодветен документ, од двете страни, кој би претставувал основа за изработка на предлог буџетот на Републиката. Ваквото работење овозможува едностран корекција на предложениот буџет од страна на Министерството за финансии без претходна согласност на корисникот. Според објаснувањата од Министерството за финансии усогласувањата не се вршат едностран, односно се постигнува согласност со корисниците, меѓутоа, нема доказ дека постои заемна согласност за извршените корекции.

Во Законот за Буџетите донесен во август 2005 година постапката за усогласување на буџетските барања е променета, односно доколку не се постигне усогласеност, буџетското барање и предложениот износ од Министерството за финансии се доставуваат до Владата на Република Македонија.

10.1.4. Извршувањето на Буџетот во значителен дел е регулиран со Програми за остварување на проекти од значење на државата (здравство, земјоделство и шумарство, заштита на децата, ученички и студентски стандард, развој на спорт и млади и други дејности). Користењето на овие средствата се врши преку соодветните министерста при што кај дел од нив:

- ✓ не е предвидена контрола на користењето на средствата,
- ✓ не се бара извештај за ефектот од користените средства.

Препорака:

Согласно Законот за организација и работа на органите на државната управа, органите на државната управа своите надлежности утврдени со закон ги извршуваат врз основа на начелата на законитост, одговорност, ефикасност, економичност, транспарентност, еднаквост и предвидливост. Тие, во согласност со Уставот и со закон се должни да ја информираат јавноста за својата работа. Тргнувајќи од оваа определба во Законот, ревизијата цени дека Министерството за финансии треба да иницира промена во законската регулатива во насока на задолжување на корисниците на буџетски средства на крајот на секоја фискална година да изготвуваат и презентираат на граѓаните на Република Македонија извештај за трошењето на буџетските средства (по намени и по корисници, критериуми за доделување на средствата на крајни корисници, изградени/реновирани објекти и слично).

10.1.5. Одредени плаќања од Буџетот се извршени врз основа на одлуки на Владата на Република Македонија за пренамена на средства од функција на државата, и тоа:

- ✓ Служба за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија за набавка на авион во износ од195,896 илјади денари;
- ✓ Министерство за локална самоуправа за поплочување на плоштадот во Скопје со одлука на Влада во износ од 34,765 илјади денари;
- ✓ Министерство за култура за Меморијален центар АСНОМ во износ од 29,000 илјади денари;
- ✓ МАНУ за реконструкција на градежни објекти и за набавка на опрема во износ од 5,122 илјади денари;
- ✓ Министерство за транспорт и врски за изградба на брана Лашане.

Владата согласно одредбите на Законот за Владата на Република Македонија одлучува за одделни прашања и мерки за извршување на законите, меѓутоа, во однос на извршувањето на Буџетот, Владата има овластување да одлучува само за непредвидливите трошоци кои ќе настанат по донесувањето на Буџетот од средствата за буџетски резерви (постојана и тековна). Во овие случаи не се работи за непредвидливи трошоци, така што за покривањето на ваквите трошоци треба да одлучува Собранието на Република Македонија.

Препорака:

Извршувањето на Буџетот во целост да се регулира со Законот за извршување на Буџетот согласно донесените програми и врз основа на закони, со јасно дефинирани надлежности на Владата при трошењето на буџетските средства во разделот функција на државата.

10.2. Неправилна примена на сметководствени политики и начела

10.2.1. Одделни трошоци се евидентирани на несоодветни потставки, согласно класификацијата на расходите, и тоа:

- ✓ преку ставката Социјални трансфери, потставка Субвенции за стари лица се вршени исплати за детски домови и установи за згрижување деца во износ од 81,576 илјади денари;
- ✓ преку ставката Резерви, потставка Тековни резерви се вршени исплати за превоз на Врховен суд - Скопје, Апелационен суд во Штип, Битола и

Скопје, на Царинска управа за откуп на 68,800 евра, на Собранието на Република Македонија за патни трошоци за седници;

- ✓ во ставката Трансфери на непрофитни организации, потставка Трансфери до хуманитарни организации е вршено исплата на спортски клубови и организации (распределени приходи од игра за среќа);
- ✓ од трансфери на студентски и ученички домови се исплатени средства за плати, хранарина, превоз, електрична енергија.

Препорака:

При евидентирањето на исплатените трошоци, расходните ставки и потставки да се усогласат со Правилникот за содржината на одделните сметки во сметковниот план за буџетите и Класификацијата на расходите;

10.2.2. Во прилог на сметководствената евиденција не се во целост обезбедени сметководствени документи за настанатите трансакции согласно член 12 од Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и член 12 и член 13 од Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници, според кои внесувањето на податоците во деловните книги на буџетите и буџетските корисници треба да се заснова врз веродостојни и уредни сметководствени документи.

Препорака:

Во прилог на сметководствената евиденција целосно да се обезбеди сметководствена документација за настанатите трансакции.

10.2.3. Годишната сметка на Буџетот на РМ за 2004 година усвоена од Собранието на Република Македонија не преставува консолидирана годишна сметка, односно во неа не се содржани:

- вкупните финансиските средства на Буџетот на Република Македонија, (приходи наплатени од органи, приходи остварени од самофинансирачки активности, од донации и кредити),
- буџетите на единиците на локалната самоуправа и на градот Скопје (во натамошниот текст: буџетите на единиците на локалната самоуправа) и буџетите на фондовите.

Во законот за Буџетите донесен во август 2005 година укината е обврската за изготвување консолидирана годишна сметка.

10.2.4. Нема пишани процедури за текот на документацијата при што не е можно да се утврди постоењето на интерни контроли во организационата поставеност и распределба на работните задачи на Министерството за финансии, што претставува една од слабостите и причините за утврдените неправилности во однос на обезбедување на сметководствените документи како писмен доказ за настанатата финансиска промена, односно трансакција.

Препорака:

Да се изготват пишани процедури за текот на документацијата за сите трансакции што се извршуваат преку Буџетот.

10.3. Неправилности во искажување на позициите во Билансот на состојба

10.3.1. На крајот на 2004 година се евидентирани побарувања од банки за пласирани буџетски средства во периодот од 1996 до 2000 година за кредитирање на правни лица, во износ од 755,648 илјади денари, меѓутоа, вредноста на овие побарувања реално е помала затоа што дел од нив се ненаплатливи. Имено, најголем дел од средствата се пласирани кај субјекти што престанале да постојат или се во постапка на стечај. Според објаснувањата од Министерството за финансии, во тек е постапка за утврдување на вредноста на ненаплатливите побарувања заради покренување постапка за нивно отпишување.

Препорака:

Со оглед на фактот дека пласирањето на буџетски средства преку банките за кредитирање на правни лица е во спротивност со Законот за Буџетите, Министерството за финансии, освен постапка за утврдување на вредноста на ненаплатливите побарувања треба да покрене активности за поврат на пласираните средства во Буџетот од постоечките правни субјекти.

10.3.2. На крајот на 2004 година евидентирани се побарувања од тутунски комбинати по основ на платени гаранции издадени во 2000 година во износ од 1,141,429 илјади денари. Поголемиот дел од правните субјекти се во стечај, така што, дел од овие побарувања се ненаплативи.

Препорака:

Министерството за финансии да ја оцени наплативоста на побарувањата по основ на дадени гаранции, заради сведување на побарувањата на нивната реална вредност. Кај завршените стечајни постапки каде што е добиен дел од стечајната маса, да се покрене постапка за финансиско ефектуирање на побарувањата.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точките 10.1, 10.2 и 10.3, изготвувањето, доставувањето и донесувањето на Буџетот, како и неговото извршување е во согласност со законската регулатива.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10 финансиските извештаи ја претставуваат вистинито и објективно, во сите значајни аспекти финансиската состојба на Буџетот на Република Македонија под 31 Декември 2004 година и резултатот на финансиските активности за годината која завршува со тој датум.

13. Мислење за наменското и законско користење на буџетските средства од страна на корисниците на буџетските средства класифицирани во Буџетот по раздели е изразено во извештаите на државните ревизори за финансиските извештаи на соодветните корисници на буџетските средства.

14. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои преставуваат државни расходи - функции на државата за коишто

администрирање и исплата врши Министерството за финансии е изразено во посебен извештај на државните ревизори.

15. Ревизијата смета за неопходно да укаже на следното:

15.1. Буџетот на Република Македонија, согласно Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници и Правилникот за сметководството за буџетите и буџетските корисници нема обврска во своето сметководство да обезбеди податоци за состојбата на средствата, обврските и изворите на средствата. Евидентирањето на одделни средства и обврски се врши во рамките на Министерството за финансии или е пренесена на други органи, така што и покрај фактот што постојат податоци за одделни средства и извори, нема воспоставено целосна и единствена сметководствена евиденција за имотот со кој располага Република Македонија и обврските што ги има во земјата и странство:

- ✓ капиталните средства, сопственост на Република Македонија не се евидентирани во сметководството и не се искажани во Билансот на состојба на Буџетот на Република Македонија со состојба на ден 31.12.2004 година. Недвижниот имотот што го поседува Република Македонија, како и градежните објекти што ги користат буџетските корисници во најголем дел се евидентирани во нивното сметководството, а дел во сметководствена евиденција на Службата за општи и заеднички работи на Владата на РМ. Согласно Законот за правата, обврските и одговорностите на органите на државната власт во поглед на средствата во државна сопственост што тие ги користат и Одлуката за воспоставување и водење на внатрешна евиденција на имотот кој го користат органите на државната управа и други државни органи во 2004 година, целокупната евиденцијата на средствата што ги користат органите требаше да ја води Министерство за финансии - Управа за имотно правни односи согласно. Меѓутоа, со донесувањето на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи оваа обврска е пренесена на Државниот завод за геодетски работи;
- ✓ вложувања во меѓународни институции;
- ✓ вложувања во домашни правни субјекти;
- ✓ долгот кон странските кредитори;
- ✓ долгорочни пласмани во делот на здружени станови, станбени згради и деловен простор во Јавното претпријатие за управување со становите и станбени згради и деловен простор за учеството на Буџетот на РМ во финансирање на "Проектот за изградба на станови за лица со ниски приходи".

15.2. За дел од законските прописи со кој се создаваат нови или дополнителни обврски за Буџетот на Републиката донесени во текот на 2004 година, во постапката на предлагање за донесување на прописите, претходно не е обезбедено позитивно мислење од Министерството за финансии. Според објаснувањето од Министерството за финансии, предлагачите на законските прописи не побарале такво мислење што е спротивно на членот 3-г од Законот за Буџетите со којшто е уредено дека во текот на фискалната година не смее да се донесе пропис или општ акт со кој се намалуваат приходите или се создаваат нови или дополнителни обврски за тековниот Буџет на Републиката, доколку не се обезбедени потребните средства.

16. Министерството за финансии со писмо бр.08-10441/1 од 07.04.2005 година достави до Државниот завод за ревизија Извештај за преземените мерки по конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година на Буџетот на Република Македонија. Според извештајот, слабостите и неправилностите констатирани во извештајот за 2003 година, се надминати или се иницирани активности за нивно надминување, меѓутоа ревизијата утврди дека дел од слабостите утврдени во конечниот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година сеуште не се надминати, што се потврдува со дел од наодите во овој извештај.

Скопје, 26/04/2006 година

Овластен државен ревизор
Бранислав Гулев

БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Денари

Опис на позицијата	2004	2003
Приходи		
Даночни приходи	52,527,458	49,166,397
Неданочни приходи	4,006,965	7,617,851
Капитални приходи	3,341,846	4,081,105
Трансфери и донации	4,932,545	3,651,555
Домашно задолжување	1,908,761	0
Задолжување во странство	1,529,500	3,766,572
Приходи од отплата на заеми	10,521	123,098
Вкупно приходи	**68,257,596**	**68,406,578**
Расходи		
Тековни расходи		
Плати, наемнини и надоместоци	20,943,062	20,233,542
Стоки и други услуги	6,833,423	7,325,809
Тековни трансфери	21,838,666	21,101,507
Каматни плаќања	2,052,701	2,444,063
Вкупно тековни расходи	**51,667,852**	**51,104,921**
Капитални расходи		
Купување на капитални средства	2,465,391	2,116,961
Капитални трансфери	2,401,956	2,570,724
Вкупно капитални расходи	**4,867,347**	**4,687,685**
Давање на заеми, учество во дел од хартиите од вредност и отплата на главница		
Давање на заеми и учество во дел од хартиите од вредност	76,446	637,003
Отплата на главница и распоред на расходите	7,132,272	8,033,152
Вкупно давање на заеми, учество во дел од хартиите од вредност и отплата на главница	**7,208,718**	**8,670,155**
Вкупно расходи	**63,743,917**	**64,462,761**
Вишок на приходи	**4,513,679**	**3,943,817**

БУЏЕТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ

во 000 Денари

Опис на позицијата	2004	2003
Актива		
Тековни средства		
Парични средства	6,631,787	7,945,261
Побарувања	1,141,429	1,184,823
Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување	780,775	421,553
Активни временски разграничувања	1,955,740	0
Вкупно тековни средства	**10,509,731**	**9,551,637**
Вкупна актива	**10,509,731**	**9,551,637**
Пасива		
Тековни обврски		
Краткорочни обврски по основ на хартии од вредност	1,955,740	0
Пасивни временски разграничувања	8,553,991	9,551,637
Вкупно тековни обврски	**10,509,731**	**9,551,637**
Вкупна пасива	**10,509,731**	**9,551,637**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број 1003-306/4
Скопје,27.04.2006 година

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РМ
СКОПЈЕ

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Функции на државата (во натамошниот текст: МФ - Функции на државата), а кои се прикажани на страните 4 и 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Извршена е ревизија во рамките на ревизијата на финансиските извештаи на Буџетот на Република Македонија за 2003 година и е издаден извештај на Министерството за финансии - Буџет на Република Македонија за 2003 година.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски, Министер за финансии

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 07/12/2005 до 07/02/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:
   - Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - Абдула Адеми - Самостоен ревизор
   - Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор
   - Бранка Ажиевска - Ревизор

ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел:3 211 -262; факс 3126-311;

Овластен државен ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Од Министерството за финансии добиени се забелешки на Претходниот извештај, број 08/13865 од 19/04/2006 година, и тоа на точките 10.1.1. и 10.2.1. и истите не се прифатени од страна на ревизијата.

11. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2004 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

11.1. Неусогласеност на акти

11.1.1. Констатирана е неусогласеност помеѓу планираните средства во програма 13 – Телеком инвестициони проекти и прегледот на Проекти финансирани од Телеком од Законот за изменување и дополнување на Буџетот на РМ за 2004 година во вкупен износ од 14,413 илјади денари, и тоа кај следните позиции:

- Капитални трансфери до други нивоа на власт, за 7,213 илјади денари.
- Изградба, реновирање и унапредување, за 7,199 илјади денари.

Препорака:

Одговорните лица во Секторот за буџет и фондови, при изготвувањето на Буџетот да извршат усогласување со поодделните проекти.

Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211 -262; факс 3126-311;

Овластен државен ревизор

11.2. Неправилности во искажувањето на приходите/расходите

11.2.1. Констатирана е разлика во искажаните расходи во сметководствената евиденција во електронската форма во Буџетот наменета за Функциите на државата, расходите искажани во финансискиот извештај Биланс на приходи и расходи и расходите наведени во Годишната сметка на Министерство за финансии Функции на Државата (Прилог 1).

Препорака:

Одговорните лица во Секторот за трезор пред усвојување на Годишната сметка да извршат усогласување на расходите искажани во сметководствената евиденција и финансиските извештаи.

12. Според наше мислење, освен во наодите изнесени во точка 11.1 и 11.2., финансиските извештаи вистинито и објективно ја претставуваат финансиската состојба на Министерството за финансии – Функции на државата под 31.12.2004 година и резултатот од финансиските активности за фискалната 2004 година.

13. Според наше мислење, остварено законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции, кои преставуваат државни расходи.

14. Информација за спроведени препораки од извршената ревизија на финансиските извештаи за 2003 година:

Со ревизијата се констатира дека Министерството за финансии нема постапено според препораките по Конечниот извештај за финансиските извештаи за 2003 година во следните случаи:

- Сметководствените настани не се целосно поткрепени со сметководствени документи;
- Не е воспоставена евиденција за отплата на долгот и гаранциите на Републиката дефинирано со Законот за буџетите;
- Реализацијата на средствата од Телеком да се извршува во рамките на предвидените средства со Буџетот (делот за неусогласени состојби помеѓу планирани средства со буџетот и Проектите за финасирање од средствата на Телеком кои се во прилог на Буџетот);
- Доследна примена на одредбите на Законот за извршување на буџетот за 2004 година во делот за извршување на пооделни програми (во делот за целосно оформена документација на финансираните активности за системски реформи);
- Не е презентиран документ дека е иницирано прашањето за измена и дополнување на Законот за организација и работа на органите на државната управа за трансформирање на Секторот за трезор во посебен орган во рамките на Министерството за финансии.

Скопје, 26/04/2006 година

Овластен државен ревизор
Бранислав Гулев

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2004

во 000 Ден.

Опис на позицијата	2004	2003
Приходи		
Трансфери и донации	10,396,610	13,215,994
Вкупно приходи	**10,396,610**	**13,215,994**
Расходи		
Тековни расходи		
Стоки и други услуги	384,536	330,840
Тековни трансфери	2,231,586	3,047,335
Каматни плаќања	989,000	1,245,129
Вкупно тековни расходи	**3,605,122**	**4,623,304**
Капитални расходи		
Купување на капитални средства	558,267	753,399
Капитални трансфери	1,742,369	2,033,567
Вкупно капитални расходи	**2,300,636**	**2,786,966**
Заеми и учество во капитал	**77,352**	**637,003**
Отплата на главница	**4,413,500**	**5,168,721**
Вкупно расходи	**10,396,610**	**13,215,994**

Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211 -262; факс 3126-311;

Овластен државен ревизор

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ - ФУНКЦИИ НА ДРЖАВАТА
БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА НА 31.12.2004 ГОДИНА

во 000 Ден.

Опис на позицијата	2004	2003
Актива		
Тековни средства		
Побарувања	268,512	0
Вкупно тековни средства	**268,512**	**0**
Вкупна актива	**268,512**	**0**
Пасива		
Тековни обврски		
Пасивни временски разграничувања	268,512	0
Вкупно тековни обврски	**268,512**	**0**
Вкупна пасива	**268,512**	**0**

Ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел: 3211 -262; факс 3126-311;

Овластен државен ревизор

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Број 1003-306/6
Скопје, 27.04.2006 година

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Министерството за финансии – Средства за продажба на станови во општествена сопственост, на депозитната сметка за 2004 година, а кои се прикажани на страните 3 и 4.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 55 од Законот за буџетите, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 8 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Министерството за финансии – Средства за продажба на станови во општествена сопственост за депозитната сметка.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај, се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај застапувано од:

- М-р Никола Поповски - Министер за финансии на Република Македонија.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Конечен извештај, прикажан на страните од 1 до 2, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Конечен извештај е извршена во периодот од 16/02/2006 до 21/02/2006 година од страна на тим на Државниот завод за ревизија во состав:

   - Бранислав Гулев - Помошник главен државен ревизор, овластен државен ревизор;
   - Абдула Адеми - Самостоен ревизор
   - Росица Шалевиќ Христовска - Ревизор

ул:"Маршал Тито"бр.12/3
Палата Македонија-Скопје;
тел:3 211 -262; факс 3126-311;

Овластен државен ревизор

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Конечен извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

   - дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива и
   - дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишна сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховните ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

